ГРАНИТ

Ф 5.2/1

# ПОЛИТИКА НА ИНТЕГРИРАНИОТ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ, БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА И ЖИВОТНА СРЕДИНА

- Квалитетно изведување на градежни активности согласно договори, техничките спецификации и следење законска регулатива во врска со градежништвото, како и следење на националните и меѓународните стандарди
- Постојано подобрување на квалитетот на градежните работи за да се обезбеди конкурентност и да се оствари деловен и финансиски успех за Друштвото
- Висококвалитетно, ефективно и ефикасно исполнување на потребите и очекувањата на Инвеститорите
- Развивање на партнерски односи со Инвеститорите и Добавувачите
- Континуирана комуникација со сите засегнати страни во врска со управување со квалитет, безбедност и здравје при работа, животна средина и социјални аспекти
- Континуирана обука за унапредување на индивидуалните способности и одговорности на вработените во врска со интегрираното управување со квалитетот, безбедност и здравје при работа, животната средина и социјалните аспекти и нивна постојана мотивација
- Тимски пристап кон планирање и реализација на процесите
- Постојана анализа и идентификација на причините за потенцијални или случени инциденти и несреќи со цел за нивно трајно отстранување
- Поставување амбициозни, мерливи и остварливи цели за подобрување на квалитетот, безбедноста и здравјето на вработените, заштитата на животната средина и социјалните аспекти
- Постојана подршка и грижа за младиот стручен кадар со цел да се обезбеди континуитет на квалификувани и обучени професионалци
- Планирање, следење, анализа и континуирано подобрување на деловните перформанси и градење на одржлив развој на процесите
- Обезбедување доверба во јавноста за квалитетот и безбедноста на извршените градежни работи
- Континуиран развој на Друштвото со постојан рејтинг на успешна регионална градежна компанија, преку обезбедување на задоволство и градење вредност кај Инвеститорите, како одговорност на сите вработени
- Постојано следење и користење на алатките на ISO 9001, ISO 14001 и ISO 45001 за подобрување и унапредување на системот за управување со квалитет, системот за безбедност и здравје при работа, системот за управување со животната средина и социјалните аспекти
- Управување со сите ризици и неусогласености што можат да доведат до губење на довербата на Инвеститорите и намалување на квалитетот и профитот, преку навремено и континуирано идентификување на опасности и проценка на ризик
- Усогласеност со националните политики, закони и регулативи, како и најдобрите меѓународни практики во текот на целиот животен циклус на сите проекти, одржување на ресурсите и инвестициите на најдобар можен начин
- Постојано идентификување, следење и управување со значајните аспекти на животната средина и социјалните аспекти кои се појавуваат за време на градежните активности
- Максимални напори за зачувување на здравјето и обезбедување безбедност на сите вработени и сите засегнати страни за време на градежните работи и деловните активности.

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје

Зоран Милковски
Генерален Директор, ГД Гранит АД Скопје